**Ветеринарен Центар** е современа ветеринарна амбуланта во Скопје со повеќе од 24 години континуирана работа - грижа за здравјето и благосостојбата на животните. Нудиме широк спектар на услуги, вклучувајќи превентивна ветеринарна медицина, модерна сликовна и лабораториска дијагностика и хирургија. Нашата работа се темели на стремеж кон континуирано учење и усовршување на ветеринарната медицина и взаемна доверба која ја негуваме со нашите клиенти.

**Отворено работно место**: **ОПЕРАТИВЕН МЕНАЏЕР – АДМИНИСТРАТОР**
**Локација**: Ветеринарен Центар, Козара 64/1, Скопје
**Рок за аплицирање**: **30.07.2025**

Дали сте **организирана, комуникативна и дигитално вешта личност** која сака **динамична и одговорна работа во професионална средина**?

Можеби токму Вие сте личноста која ја бараме!

**Што нудиме:**

- Работа во мотивиран, професионален и пријателски тим
- Развивање на комуникациски, организациски и менаџерски вештини во реално деловно опкружување
- Менторска поддршка и континуирано учење од поискусни членови на тимот за професионален и личен развој
- Учество во креирање и подобрување на внатрешни организациски процеси, маркетинг активности и идеи за раст на компанијата
- Пријатна и инспиративна работна атмосфера за љубителите на животни

**Вашата улога ќе биде:**

- Комуникација со клиенти на македонски и англиски јазик - во живо, телефонски и преку е-пошта
- Менаџмент на администрација на пациенти - закажување на термини и управување со податоци на пациенти
- Реализација и евиденција на наплата - користење на софтверско решение и фискален апарат
- Системска евиденција на логистика и добавувачи
- Поддршка при комуникација и организација на тимот
- Промоција на вредностите и услугите на компанијата - маркетинг
- Препознавање на тековни потреби и предлози за унапредување на организациските процеси

**Потребни квалификации:**

- Високо образование од областа на менаџмент, бизнис или маркетинг
- Одлично ракување со компјутерски алатки (MS Office, интернет алатки, административен софтвер, фискален апарат)
- Поседување на одлични писмени и усмени вештини за професионално и јасно изразување во деловна комуникација
- Желба за комуникација со клиенти - љубезен и трпелив однос
- Одлично познавање на странски јазици, вклучувајќи англиски јазик
- Искуство како оперативен, административен или офис менаџер, рецепционер/ка или фронт деск менаџер - пожелно
- Желба за напредок и активно вклучување во организациските процеси на компанијата
- Позитивен однос во работна средина каде што има присуство на животни

Испратете го Вашето CV со фотографија и кратко мотивациско писмо на **contact@veterinarencentar.mk** со назнака **Оглас за оперативен менаџер - администратор**.
Само кандидатите кои ќе бидат одбрани во потесен круг ќе бидат контактирани за спроведување на интервју.**Аплицирајте најдоцна до 30.07.2025.**
Вашата апликација ќе биде третирана со целосна дискреција и во согласнот со Законот за заштита на личните податоци. Со испраќањето на апликацијата се согласувате Вашите лични податоци да бидат употребени за процесот на селекција.